АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

**ИНСПЕКЦИСКА СУЖБА**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ**

Архивски знак: 1403
Рок на чување: 5 год.
201___ година
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

| | |
|---|---|
| Број: | Ип.1.14-1147/2 |
| Датум: | 26.06.2025 |

## 1. Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Федерација за ГИМНАСТИЧКИТЕ СПОРТОВИ на Република Македонија Битола |
| Седиште/адреса на субјектот | Партизанска бр.25 Битола |
| Адреса за е-пошта | contact.fgsm.bt@gmail.com |
| Телефон | +389 78863136 |
| Матичен број на субјектот | 4109457 |
| Даночен број на субјектот | 4030975337120 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 210041094570188 |
| Банка депонент | НЛБ Банка АД Скопје |

| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Љупчо Арнаудов | +389 78863136 | contact.fgsm.bt@gmail.com |

## 2. Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | | **2. ВОНРЕДЕН** | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | (ден,месец.година) **31.05.2025** | Време на почеток на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **10.00** |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | (ден,месец.година) **24.06.2025** | Време на завршување на инспекцискиот надзор | (час.мин.) **13.00** |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Сала за гимнастички спортови „Орце Николов“ градски парк - Скопје | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | **93.12 дејности на спортските клубови**<br>**10.2 - спортско здружение** | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Градски парк Скопје, Сала за гимнастички спортови „Орце Николов“- Скопје | | |

## 3. Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец ____________година;
2. наредба издадена од Министерот за спорт, бр. 14-1147/1 од 29.05.2025 година;

3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _______________, _________ од.година;
4. записник, за извршен инспекциски надзор број, бр. _______________ од.година.

**4. Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):**

| | |
|---|---|
| 1. | **Димитар Терзиев, советник инспектор за спорт** |

**5. Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајки го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):**

Спроведувањето и примената на член 10 став 3 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

**6. Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник;
2. Не се употребени листи за проверка, (вонреден инспекциски надзор член 70 став 3 од ЗИН)

**7. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Љупчо Арнаудов | +389 78863136 | contact.fgsm.bt@gmail.com |

**8. За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| | Име Презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | **Петар Стојановски** | **Претседател на КГС Орце Николов** |

**9. Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.**

**10. Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Врз основа на, извршениот увид на лице место на одржувањето на државното првество во Гимнастички спортови, приложената и дополнително доставената потребна документација, како и изјаснувањето од страна на присутните од Федерација за гимнастичките спортови на Република Македонија како Национална спортска федерација, во однос на предметот и опфатот на инспекцискиот надзор, утврдена е следната фактичка состојба:

1. Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија има организиран систем на натпревари и тоа:

- Согласно календар на спортски натпревари во спортска гимнастика за 2024 година организиран од страна на ФГСРМ, број 13/02 од 13.05.2024 година и спортски календар на ФГСРМ за 2025 година, број 14/25 од 02.01.2025 година
- Спортските натпревари ги спроведува како Квалификациски натпревари, прв и втор државен натпревар во А и Б програма, во машка и женска конкуренција за тековната натпреварувачка година,
- Од одржаните официјални државни натпревари се изготвуват билтени со постигнати спортско технички резултати и бодови на натпреварувачи, во соодветни дисциплини, соодветни возрасни категории во машка и женска конкуренција, за натпреварувачка 2024 година, број 26/25 од 15.06.2024 година и за натпреварувачка 2025 година број 27/25 од 31.05.2025 година, како и извештај за рангирање на спортски клубови во национален систем на натпревари за 2024 година, број 25/24 од 05.11.2024 година согласно кој во натпреварувачката сезона учествувале следните гимнастички клубови:

**Табела 1:** (податоците се од горе наведениот извештај за рангирање на спортски клубови за 2024 година и регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови при Министерството за спорт)

| Ред. Бр. | Спортски клуб | Број на решение | Датум на издавање |
|---|---|---|---|
| 1. | К.Г.С Партизан Орце Николов - Скопје | 08-2984/2 | 15.12.2005 |
| 2. | К.Г.С Партизан Кочани -Кочани | 08-2625/6 | 06.11.2007 |
| 3. | К.Г.С Партизан Соколи - Прилеп | 08-1090/4 | 26.06.2013 |
| 4. | К.Г.С Партизан - Битола | 08-1073/6 | 29.06.2005 |
| 5. | Атлета - Куманово | 08-755/4 | 08.07.2020 |
| 6. | К.Г.С Партизан Ѓорче - Скопје | 08-1066/4 | 27.07.2021 |
| 7. | К.Г.С Партизан од Прилеп | 08-244/1 | 29.01.2001 |

- извештај за одржано Државно првенство во машка и женска спортска гимнастика во А и Б програма 31.05.2025 година, Скопје, број 31/25 од 31.05.2025 година, согласно кој во натпреварувачката сезона учествувале следните гимнастички клубови:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Табела 2:** (податоците се од горе наведениот извештај за одржано Државно првенство за 2025 година и регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови при Министерството за спорт)

| Ред. Бр. | Спортски клуб | Број на решение | Датум на издавање |
|---|---|---|---|
| 1. | К.Г.С Партизан Орце Николов - Скопје | 08-2984/2 | 15.12.2005 |
| 2. | К.Г.С Партизан Кочани -Кочани | 08-2625/6 | 06.11.2007 |
| 3. | К.Г.С Партизан Соколи - Прилеп | 08-1090/4 | 26.06.2013 |
| 4. | Атлета - Куманово | 08-755/4 | 08.07.2020 |
| 5. | К.Г.С Партизан Ѓорче - Скопје | 08-1066/4 | 27.07.2021 |
| 6. | К.Г.С Партизан - Прилеп | 08-244/1 | 29.01.2001 |

- извештаи за одржан завршен настап на клубот во ритмичко спортска гимнастика Ритмико за 2024 број 12/24 од 09.06.2024 година и за 2025 година број 02/2025 од 22.06.2025 година, балканко првенство во ритмичка гимнастка 2024 (http://rgform.eu)

и европско првенство во ритмичка гимнастика Будимпешта 2024 година (https://share.google/5y286cpfo36Tu9gPb).

- На балканко првенство во ритмичка гимнастка 2024 и европско првенство во ритмичка гимнастика Будимпешта 2024 и Европски куп за ритмичка гимнсатика 1-4 мај 2025 година Баку Азербеџан, учествуваа спортисти од КГС Партизан Битола.

**Табела 3:** (податоците се од горе наведените извештаи за одржани завршни настапи на клубот во ритмичко спортска гимнастика Ритмико и регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови при Министерството за спорт)

| Ред. Бр. | Спортски клуб | Број на решение | Датум на издавање |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗСРГ Ритмико од Скопје | 08-616/2 | 07.03.2018 |

К.Г.С. Партизан – Прилеп согласно податоците од регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови кој го води Министерството за спорт има решение за вршење дејност спорт број 08-244/1 од 29.01.2001 година издадено согласно ВОН СИЛА Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 07/96 и 51/99), а согласно член 82 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002), постојните спортски здруженија должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на наведениот закон, со што истиот неможел да учествува во организиран систем на натпревари од страна националната спортска федерација, согласно податоците од табела 1 и табела 2.

Врз основа на наведеното, Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија не организира и спроведува систем на натпревари согласно член 10 став 3 алинеја 1 и член 14 став 1 алинеја 4 во однос на член 11 став 2 од Законот за спортот, согласно кој спортскиот клуб, може да започне со вршење дејност спорт, откако органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, ќе утврди дека се исполнети условите за што ќе донесе решение.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

2. Националната спортска федерација, ги составува и се грижи за државните репрезентации и учествува на меѓународни натпревари во гимнастички спортови согласно член 14 став 2 од Законот за спортот.
3. Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија со решение за вршење дејност спорт број 08-1130/2 од 29.04.2005 година, издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, претставува национална спортска федерација за гимнастичките спортови, согласно член 14 став 3 од Законот за спортот.
4. Согласно списокот на Клубови-членки на Гимнастичка федерација на Р. Македонија број 2-25 од 10 06.2025 година, здружени се 13 членки и тоа:

**Табела 4:** (податоците се од горе наведениот список на клубови-членки и регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови при Министерството за спорт)

| Ред. Бр. | Спортски клуб | Број на решение | Датум на издавање |
|---|---|---|---|
| 1. | К.Г.С Партизан Орце Николов - Скопје | 08-2984/2 | 15.12.2005 |
| 2. | К.Г.С Партизан Ѓорче - Скопје | 08-1066/4 | 27.07.2021 |
| 3. | К.Г.С Партизан од Кочани | 08-2625/6 | 06.11.2007 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.** | К.Г.С Партизан - Битола | 08-1073/6 | 29.06.2005 |
| **5.** | К.Г.С Партизан Соколи - Прилеп | 08-1090/4 | 26.06.2013 |
| **6.** | К.Г.С. Партизан – Срни - Кавадарци | 08-1333/3 | 28.09.2018 |
| **7.** | К.Г.С Партизан Соколи - Неготино | | |
| **8.** | К.Г.С Партизан - Штип | 08-2249/2 | 17.10.2008 |
| **9.** | С.Г.К Атлета - Куманово | 08-755/4 | 08.07.2020 |
| **10.** | К.Г.С Партизан - Струмица | 08-1501/1 | 24.05.2000 |
| **11.** | К.Г.С Партизан - Гевгелија | | |
| **12.** | К.Г.С Партизан од Прилеп | 08-244/1 | 29.01.2001 |
| **13.** | Клуб за ритмичка гимнастика Ритмико - Скопје | 08-616/2 | 07.03.2018 |

Во Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија здружените членки од списокот на Клубови-членки на Гимнастичка федерација на Р. Македонија број 2-25 од 10 06.2025 година и регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови при Министерството за спорт наведени во табелата 4 од овој записник:

- К.Г.С Партизан Соколи – Неготино и К.Г.С Партизан – Гевгелија, не се евидентирани во регистарот на Национални спортски федерации и спортски клубови кој го води Министерството за спорт;
- К.Г.С Партизан – Струмица и К.Г.С Партизан од Прилеп, евидентирани се во регистарот на национални спортски федерации и спортски клубови кој го води Министерството за спорт, со решение за вршење дејност спорт број 08-1501/1 од 24.05.2000 за К.Г.С партизан - Струмица и решение за вршење дејност спорт број 08-244/1 од 29.01.2001 година за К.Г.С Партизан од Прилеп издадено од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, согласно ВОН СИЛА Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 07/96 и 51/99), а согласно член 82 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002), постојните спортски здруженија должни се да ги усогласат своите статути, работењето и организацијата во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на наведениот закон;
- К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци, К.Г.С Партизан – Штип не учествувале на Државните првенства за 2024 година и 2025 година, а К.Г.С Партизан – Битола на Државното првенство за 2025 година, организирани од Федерацијата за гимнастилки спортови на Република Македонија.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица и К.Г.С Партизан од Прилеп, немаат решенија за вршење дејност спорт од член 11 став 2 од законот за спортот, со што не претставуваат спортски клубови согласно член 6 од Законот за спортот, а согласно член 14 ставови 1 и 5 од Законот за спортот, во национална спортска федерација можат да се здружуваат спортските клубови кои имаат решенија за вршење дејност од ист вид на спорт.

К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци, и К.Г.С Партизан – Штип, не учествувале во организиран систем на натпревари, со што не ги исполнуваат условите за вршење дејност спорт како спортски клубови, од член 10 став 1 алинеја 4 од Законот за спортот.

Врз основа на наведеното К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица, К.Г.С Партизан од Прилеп, К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци и К.Г.С Партизан – Штип, додека не ги исполнат условите од Законот за спортот неможат да бидат здружени членки во националната спортска федерација,

5. Националната спортска федерација ја претставува лице кое е избрано со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието на федерацијата, согласно записник број 2-6/21 од 10.06.2021 година и записник број 19-22 од 29.08.2022 година, што е согласно Член 14 став 6 од Законот за спортот.
6. На лицето што ја претставува националната спортска федерацијата, на ден 10.06.2025 година истечен му е вториот мандат согласно записник број 2-6/21 од 10.06.2021 година и записник број 19-22 од 29.08.2022 година и член 11 од измената и дополнувањето на Законот за спортот („Службен весник на РМ" бр.190/16), што не е согласно Член 14 став 7 од Законот за спортот.
7. Националната спортска федерацијата не го известила органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за лицето што го избрала да ја претставува, што не е согласно Член 14 став 13 од Законот за спортот.

- **врз основа на утврдена фактичка состојба:**

  1. не се утврдени никакви неправилности
  ___///_______________________________________________________________ .
  2. **утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:**

     - Федерацијата за гимнастичките спортови на Република Македонија не организира и спроведува систем на натпревари согласно член 10 став 3 алинеја 1 и член 14 став 1 алинеја 4 во однос на член 11 став 2 од Законот за спортот;
     - К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица и К.Г.С Партизан од Прилеп, немаат решенија за вршење дејност спорт од член 11 став 2 од законот за спортот, со што не претставуваат спортски клубови согласно член 6 од Законот за спортот;
     - К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци и К.Г.С Партизан – Штип, не учествувале во организиран систем на натпревари, со што не ги исполнуваат условите за вршење дејност спорт, од член 10 став 1 алинеја 4 од Законот за спортот;
     - К.Г.С Партизан Соколи – Неготино, К.Г.С Партизан – Гевгелија, К.Г.С Партизан – Струмица, К.Г.С Партизан од Прилеп, К.Г.С. Партизан – Срни – Кавадарци, К.Г.С и Партизан – Штип, се здружени членки во националната спортска федерација, што е спротивно на член 14 ставови 1 и 5 од Законот за спортот;
     - Лицето што ја претставува националната спортска федерацијата, на ден 10.06.2025 година истечен му е вториот мандат што не е согласно Член 14 став 7 од Законот за спортот.
     - Националната спортска федерацијата не го известила органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за лицето што го избрала да ја претставува, што не е согласно Член 14 став 13 од Законот за спортот

ARKIVSKI PRIMEROK
EGZEMPLARI ARKIVOR

Врз основа на наведените утврдени неправилности во работењето на субјектот на инспекциски надзор, советник инспекторот за спорт кој го изврши инспекцискиот

надзор ќе донесе, Решение (Опомена), со што ќе се изречат инспекциски мерки согласно овластувањата утврдени во член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор (сл.Весник на РСМ бр. 102/19) и член 71 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, овој записник составен е во службените простории на Одделението за инспекциски надзор при Министерството за спорт.

8. **Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.**

9. **Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:**

- ______
- ______

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [signature] | Печат и потпис на инспекторот | [signature] |
| Датум: | 26.06.2025 | Датум: | 26.06.2025 година |

Министерство за спорт - Ministria e Sportit, Скопје - Shkup

***Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините***

______

______

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR